Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба, ДКСК достави барања за доставување на податоци и информации до Државниот инспекторат за труд и до Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени како одговор на барањата на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:

По претставка поднесена од ----, со наводи кои се однесуваат на постапката за вработување во ЈЗУ Клиничка болница ----, постапил Државниот инспекторат за труд. Од страна на државен инспектор за труд бил извршен вонреден инспекциски надзор, за што бил составен Записник ИП1 бр. ---- година. Во записникот било наведено дека по наводите кои се однесуваат на постапката за вработување на здравствени работници надлежен за постапување е Државниот санитарен и здравствен инспекторат, поради што претставката била препратена до тој орган за понатамошно постапување.

По препратената претставка постапил и Државниот санитарен и здравствен инспекторат, кој на ден ---- година извршил вонреден инспекциски надзор во ЈЗУ Клиничка болница ---- со увид во целокупната документација поврзана со постапката за вработување на здравствени работници по објавениот јавен оглас, за што бил составен Записник бр. ----година.

Од доставената документација и известувањето на Државниот санитарен и здравствен инспекторат произлегува дека при инспекцискиот надзор бил извршен увид во ранг-листата на кандидатите и фото запис од нејзиното објавување на огласна табла, како и увид во досиејата на сите примени кандидати, при што било утврдено дека лиценците за работа на избраните кандидати биле со важечки рок.

Во однос на спроведеното интервју, констатирано е дека истото било спроведено согласно член 161 став 1 од Законот за здравствената заштита, при што бил составен записник од спроведеното интервју, а била донесена и одлука со образложение за изборот на кандидатите.

Во известувањето на Државниот санитарен и здравствен инспекторат е наведено дека согласно нивните надлежности не биле утврдени недостатоци или неправилности во постапката за вработување.

Во однос на наводите од пријавата дека кандидатите не биле поединечно писмено известени за резултатите, дека на подносителот му бил оневозможен пристап до

документацијата, како и дека изборот на кандидатите бил под влијание на нивната политичка припадност, ДКСК утврди дека овие наводи не се поткрепени со конкретни докази, а од доставената документација и извршените инспекциски надзори не произлегуваат елементи кои укажуваат на постоење на судир на интереси или коруптивно однесување при спроведувањето на постапката за вработување.

Имајќи ја предвид содржината на доставените записници и известувања од Државниот инспекторат за труд и Државниот санитарен и здравствен инспекторат, како и констатираната состојба, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, од причина што во врска со случајот веќе постапиле надлежни инспекциски органи кои не констатирале состојба спротивна на закон во врска со постапката за вработување предмет на пријавата.

Од наведените причини, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата